**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**
**Бр. 02-528/2-2**
**4. 7. 2018 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 218 став 1 од Законот за високо образование(Сл.весник на РМ број 82 од 8 мај 2018 година), Одлуката за запирање на започнатите постапки за повторен избор во звање редовен професор бр.02-630/15 од 29.5.2018 година и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 284/2014 година), Наставно научниот совет на 12.седница во 2018 година, одржана на ден 4.7.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за утврдување на звање редовен професор доживотно

1.На **проф. д-р Златко Арсов** кој до денот на влегувањето во сила на новиот Закон за високо образование (Сл.весник на РМ бр. 82 од 8 мај, 2018 година, а влезен во сила на ден 16. мај 2018 година) е избран во звањето редовен професор по прв пат**, му СЕ УТВРДУВА засновање на работен однос на неопределено време и задржување на звањето редовен професор доживотно.**

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука на Сенат на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-671/20 од 26.6.2013 година д-р Златко Арсов беше избран за втор пат во наставно-научното звање редовен професор во научната област: **индустриски растенија-тутун**.

Согласно член 218 став 1 од новиот Закон за високо образование (Сл.весник на РМ бр. 82 од 8 мај,2018 година, а влезен во сила на ден 16.мај 2018 година ), редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно, а согласно Одлуката за запирање на започнатите постапки за повторен избор во звање редовен професор бр.02-630/15 од 29.5.2018 година се запираат сите започнати постапки за повторен избор во звање редовен професор.

Поради горенаведеното се донесува одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
именуваниот
архива
досие

**ДЕКАН**

**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ**

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310
Е- ПОШТА: contact@fznh.ukim.edu.mk

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310
E- MAIL: contact@fznh.ukim.edu.mk

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk